

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

**ОКТОМВРИ 2024**

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Во октомври 2024 година, предизвиците поврзани со идниот економскиот раст и инфлацијата, како и случувањата на Блискиот Исток останаа во фокусот на инвеститорите. Неизвесноста на пазарите беше дополнително зголемена и со претседателските избори во САД и потенцијалните импликации од истите кои можат да влијаат врз движењата на пазарите на капитал.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во октомври забележа пад од 2,29%. Пад бележат и сите регионални индекси од приказот, од кои најпогодени се азиските компании прикажани преку MSCI Asia Pacific индексот чија вредност се намали за 4,59%, а по нив се и компаниите од брзорастечките економии и Европа. Сепак, следено од почетокот на годината, индексите ги задржаа позитивните приноси. Со најголем пораст од 19,62% е S&P 500 индексот каде се опфатени американските компании, значително издвојувајќи се од останатите.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 го забележа првиот месец со пад во текот на оваа година со што ја прекина позитивната низа. Падот во текот на октомври изнесуваше 1,79%, но останува со значителен принос од почетокот на годината од 40,96%. Поголемиот дел од компаниите кои се дел од структурата на МБИ 10 индексот, не забележаа поголеми поместувања, со исклучок на акциите на Гранит и Македонијатурист, чиј пад изнесуваше 9,09% и 8,77%, соодветно. На првата позиција според приносот, следено од почетокот на 2024 година, останува Комерцијална банка со високи 69,11%.




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ




На пазарот на обврзници, приносите забележаа раст изминатиот месец, при што како причина се јавуваат не толку поволните податоци за инфлацијата и геополитичките тензии во светот.
Сепак, инвеститорите остануваат оптимисти за долгорочната перспектива на обврзниците.
На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница кој изнесува 5,09%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,41%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**
*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028**




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, јапонскиот јен (JPY) во текот на октомври оствари пад нешто поголем од останатите, изнесувајќи 3,35% во однос на еврото (EUR), а надолни движења остварија и руската рубља (RUB) и австралискиот долар (AUD). Од друга страна, пораст забележаа американскиот долар (USD) кој изнесуваше 2,30% и кинескиот јен (CNY) со 1,00%. Од почетокот на годината, најголем пораст во однос на еврото има британската фунта (GBP) и изнесува 2,75%, додека со најголемо намалување на вредноста се руската рубља (RUB) и јапонскиот јен (JPY), од 7,84% и 5,93%, соодветно.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова